Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

**Архивски број:** 02 - 5591/1
**Датум:** 18 -09- 2020

Врз основа на член 77 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ 24/2019), а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ОДЛУКА**
**за поедноставена отворена постапка**

1.Да се спроведе поедноставена отворена постапка за Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца"– Битола, согласно одредбите на Законот за јавни набавки според следните податоци:

1.1. Предмет на набавката: **Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при Ј.У „Дом за доенчиња и мали деца"– Битола.**
1.2. За реализација на точка 1.1 од оваа Одлука потребни се средства во износ од 906.000,00 денари без вклучен данок на додадена вредност и истите се обезбедени во Буџетот на Министерството за труд и социјална политика на Раздел 15001, програма 4А, сметка 637 и расходна ставка 481.
2. Предметната јавна набавка ќе се спроведе преку Електронскиот систем за јавни набавки и ќе заврши со е-аукција согласно член 48 став 1, член 59 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РСМ 24/2019), истата е неделива од причина што се работи за изведба на еден вид работа .
3. За спроведување на предметната јавна набавка како поедноставена отворена постапка се задолжува Комисијата за јавни набавки на Договорниот орган ( во натамошен текст: Комисија) во состав:

| | |
|---|---|
| Претседател: Љубица Панова | Заменик: Маја Д. Пешевска |
| Член: Елена Стојановска | Заменик: Далибор Јовчевски |
| Член: Елена Александрова | Заменик: Бојан Митковски |

4. Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

5. Примероци од оваа одлука да се достават до:
*- Архивата на Министерството за труд и социјална политика*
*- Комисија за јавни набавки*

***Министер***
**Јагода Шахпаска**

Изработил:Маја Д . Пешевска
Одобрил: Илија Гарески


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk

Република Северна Македонија

**Министерство за труд**
**и социјална политика**

- Сектор за финансиски прашања –
Одделение за јавни набавки тел 02 3106 449

02-5581/5

**Архивски број:** 25 ОКТ 2020
**Датум:**

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за јавни набавки (Службен весник на РМ 24/2019), а во врска со член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11), министерот за труд и социјална политика, донесе

**ОДЛУКА**
**за избор на најповолен економски оператор**

При реализација на постапката спроведена како поедноставена отворена постапка , согласно огласот за доделување на договор за јавна набавка број **13651/2020** објавена преку ЕСЈН која завршува со е-аукција за **јавна набавка на работи за Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при ЈУ "Дом за доенчиња и мали деца" во Битола** , како најповолна понуда се избира понудата на Друштво за трговија и производство МАКЕДОНСКИ ГЛАС увоз-извоз , Битола ДООЕЛ .

Правата и обврските меѓу Договорниот орган и економскиот оператор во врска со предметната јавна набавка ќе се уредат со посебен договор. Договорот ќе се склучи во рок од најмалку 5 дена од денот на известувањето на останатите учесници во постапката доколку ниту еден од учесниците не ја обжали одлуката за избор .

*Образложение*

Согласно Законот за јавни набавки, Министерството за труд и социјална политика преку Комисијата за јавни набавки спроведе постапка за доделување на договор за јавна набавка на работи со бр. 13651/2020 објавена преку ЕСЈН која завршува со е-аукција за **Изведување на градежни работи за реконструкција и пренамена на Центар за мајки и деца при ЈУ "Дом за доенчиња и мали деца" во Битола .**

По извршената контрола , евалуација на доставените понуди , по завршување на е-аукција, и извештајот од спроведена постапка , Министерот за труд и социјална политика одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**<u>Упатство за правно средство:</u>** Против ова Одлука може да се поднесе жалба до Комисијата за јавни набавки на Министерството за труд и социјална политика и до Државната комисија за жалби по јавни набавки, во рок од пет дена од денот на приемот на оваа Одлука.

***Министер***
**Јагода Шахпаска**

Изработил:Маја Д . Пешевска
Одобрил: Илија Гарески


Министерство за труд
и социјална политика на
Република Северна Македонија

Ул. „Даме Груев" бр. 14, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 3106 212
www.mtsp.gov.mk
e-mail: mtsp@mtsp.gov.mk